Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), одредбите од Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура, („Службен весник на Република Македонија“, бр.171/14), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-2925/3 од 17.04.2015 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, Уп1 бр.02-672 од 26.03.2015 година, доуредено на 14.04.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 16-та седница одржана на 17.04.2015 година донесе:

## **О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, и тоа:

1.1 <u>за иступување на физичкото лице:</u>

- Венко Шапкар со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр.[redacted] во [redacted], со учество од 85% во основната главнина и

1.2 <u>за пристапување на правното лице</u>:

- Трговско друштво МАЕМИ ДООЕЛ Охрид, со ЕМБС 5203490 и седиште на ул. „Кленоец“ бр.84 во Охрид, со учество од 85% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и одредбите од Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура, („Службен весник на Република Македонија“, бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-672 од 26.03.2015 година, доуредено на 14.04.2015 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на

Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО Охрид, не се создава недозволена медиумска концентрација односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-672 од 26.03.2015 година, доуредено на 14.04.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**

**Бр.02-672**
**17.04.2015 година**
**С к о п ј е**

**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.